

# ВРЕМЕ Е...

ДА СЕ ЕЛИМИНИРА
(ОТСТРАНИ) ТУБЕРКУЛОЗАТА
(ВЕРЕМИ ИЛИ ОФТИКА)!!!

# ТУБЕРКУЛОЗА: МИНАТО ИЛИ СЕГАШНОСТ?

126 години од откривањето на предизвикувачите на туберкулозата ( вереми или офтика)

60 години од откривањето на ефикасни лекови, бројките сè уште изгледаат вака:

- Годишно се откриваат околу 8 милиони нови случаи на заболени со туберкулоза
- Годишно од туберкулоза умираат околу 1,5 милиони луѓе
- Поврзаноста меѓу ХИВ инфекцијата и туберкулоза е присутна насекаде во светот туберкулозата е причина за смрт кај една третина од лицата кои што живеат со ХИВ

# КАДЕ СМЕ НИЕ?

- Во Македонија годишно се регистрираат помеѓу (ги има околу) 600 и 700 случаи на луѓе заболени од туберкулоза
- Во последниве 15 години бројот на новооткриените случаи е релативно постојан, со умерено варирање секоја година
- Во текот на последниве 5 години се бележи тренд (појава) на благо намалување на откриените случаи на заболени од туберкулоза во Македонија

# ТУБЕРКУЛОЗАТА Е:

- хронична заразна болест
- предизвикана од бактерија (Кохов бацил)
- најчесто бактеријата (се наоѓа) во белите дробови (80-85%), иако може да заболи секој орган или ткиво на човечкиот организам

# НА КАКОВ НАЧИН МОЖЕ ДА СЕ ПРЕНЕСЕ:

**Преку воздух: седење во иста просторија со заболен од туберкулоза (вереми / офтика),** при кашлање, кивање, плукање

***Доколку се најдеш во близина на човек болен од туберкулоза, може да ги вдишеш бактериите, кои болниот ги исфрлил во воздухот. На таков начин може да се инфицираш ( заразиш) со туберкулозните бактерии.***

# И ШТО ПОТОА?

- Здрав организам најчесто успешно се бори со бактериите и тие останувaат под контрола, во скриена (латентна) форма.
- Кај 5-10% од инфицираните (заразените ) лица, болеста може да се јави после неколку години поради состојбата на организмот (имунитетот) и факторите (причинителите) на околината.
- Ако отпорноста на организмот е слаба, тогаш инфекцијата преминува во болест.

# СЕКОЈ МОЖЕ ДА ЗАБОЛИ ОД ТУБЕРКУЛОЗА

**Но, лица кај кои постои поголем ризик се:**

- Лица кои биле во непосреден контакт со болен од туберкулоза (членови на семејство, особено децата)
- Лицата што живеат со ХИВ
- Лица кои живеат во затворени колективи (заедници) (бегалци, затвореници, лица во психијатриски одделенија)
- Корисници на алкохол и дрога /пушачи на никотин-цигари
- Лица кои живеат во многу лоши услови со минимални материјални средства под границата на сиромаштија
- Хронично болни со намален имунитет, каде не постои можност за спречување на болеста (дијабетичри (шеќераши) , болни со долготрајна кортикотерапија( терапија по стадиуми) болни од малигни (рак) (туморни) заболувања).

# СИМПТОМИ:

- Кашлица или поткашлување, кое трае подолго од 3 недели
- Искашлување на крвав секрет ( крв)
- Болка во градите (плуќата)
- Покачена телесна температура (околу 37-38 степени) проследена со треска и потење
- Намален апетит и губење телесна тежина

**Ако ги препознаеш овие симптоми, задолжително посети го својот лекар и побарај лекарска помош. Немој да го одложуваш прегледот, зошто колку порано се открие болеста и се започне со лекување – толку побрзо ќе бидеш излекуван.**

# КАКО СЕ ОТКРИВА?

- рендгенска снимка на белите дробови, (плуќата)
- испитување на секрет(плунка) за присуство на туберкулозни бактерии,
- лабораториска анализа на твојата крв
- други дијагностички постапки (испитувања)

**Откривањето и лекувањето на туберкулозата се врши во диспанзерите и болниците за белодробни заболувања и туберкулоза кои постојат (ги има) во повеќе градови на Република Македонија.**

# ДАЛИ ТБ СЕ ЛЕКУВА?

Со навремено откривање на болеста и со примена на ефикасни лекови –антитуберкулотици, болеста успешно се лекува во 90% од случаите. Но од особена (голема) важност е да се земаат сите препишани лекови доволно (долго и редовно) шест или повеќе месеци, без да се пропушти ниту една доза.

**Во Македонија лекувањето на сите случаи со туберкулоза е бесплатно (без пари).**

# ЗАШТИТА:

- Доколку си во контакт со лице со туберколоза, потребно е да носиш маска за заштита на устата и носните отвори, истото треба да го направи и болниот.
- Секогаш биди барем на еден метар растојание(одалеченост) од лицето со туберкулоза
- Биди внимателен, помести се ( тргни се) настарана ако лице со туберкулоза кашла
- Редовно проветрувај (отвори прозороец) ја просторијата во која се наоѓа лице со туберкулоза
- БЦГ- вакцинацијата е важна превентивна мерка против болеста и овозможува заштита од тешки малигни форми на туберкулоза во детска возраст. Заштитата со БЦГ-вакцината не е апсолутна – и вакцинираните лица можат да заболат од туберкулоза. Во нашата земја оваа вакцина е задолжителна.
- Здравствена едукација на населението, на лицата со туберкулоза и на нивните семејства

**Најдобра превентивна мерка е раното откривање и успешното лекување на секој болен од туберкулоза.**

# ЛЕКУВАЊЕТО НА ТУБЕРКУЛОЗАТА ВО МАКЕДОНИЈА Е БЕСПЛАТНО И ДОСТАПНО ЗА СИТЕ НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНО.

**Каде да се обратите за помош? – Кај вашиот матичен лекар, Институтот за белодробни заболувања кај децата – Козле, Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза при Клиничкиот центар во Скопје, диспанзерот за туберкулоза во вашиот град.**

# ЗАШТИТАТА ОД ТУБЕРКУЛОЗА Е ЛИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА СЕКОЈ ЧОВЕК, ПА ЗАТОА СЕКОЈ ТРЕБА ДА СЕ ИНФОРМИРА КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИ. НЕ ГИ ОБВИНУВАЈ И НЕ ГИ ОСУДУВАЈ ЛУЃЕТО КОИ ЖИВЕАТ СО ТУБЕРКУЛОЗА.

# КОРИСНИ КОНТАКТ - ИНФОРМАЦИИ


**Х.Е.Р.А.**
**– Асоцијација за здравствена едукација и истражување**
тел. (02) 3290 395
Веб: http://www.hera.org.mk/
Facebook: http://www.facebook.com/hera.macedonia


**МЦ „Сакам да знам“ - Водно**
Тел. (02) 3176 950

**МЦ „Сакам да знам“ - Шуто Оризари**
Тел. (02)2651-955

**Ромски здравствени медијатори и локација каде може да ги најдете:**

Љатифе Шиковска и Демир Муса - ЈЗУ Здравствен Дом Шуто Оризари
Алмадет Османова и Ервин Шиковски – ЈЗУ Здравствен Дом Ѓорче Петров
Рамајана Ибраимовиќ- ЈЗУ Здравствен Дом Гази Баба
Серџат Идиќ - ЈЗУ Здравствен Дом Кочани
Сенем Јашарова и Анифе Шакирова - ЈЗУ Стар Здравствен Дом Штип
Турќан Лимани и Шефќете Хамза - ЈЗУ Здравствен Дом Тетово
Исније Пини и Ајтен Селмани- ЈЗУ Здравствен Дом Гостивар
Ервин Реџеповски- ЈЗУ Здравствен Дом Куманово
Безит Безитовски- ЈЗУ Здравствен Дом Делчево

Х. Е. Р. А. асоцијација за здравствена едукација и истражување
A Member Association of IPPF International Planned Parenthood Federation European Network


CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-002.5(02.062)
616.24-002.5(02.062)

ВРЕМЕ е --- : да се елиминира (отстрани) туберкулозата : (време или офтика)!!!. - Скопје : Х.Е.Р.А.- Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2015. - 8 стр. ; 21 см

ISBN 978-608-4598-41-1

а) Туберкулоза - Популарна литература
COBISS.MK-ID 99072778


Investing in our future
The Global Fund
To Fight AIDS, Tuberculosis and Malaria

Ставовите опишани тука се ставови на организацијата и не ги претставуваат ставовите и мислењата на Глобалниот Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија, ниту пак постои одобрување или авторизација за овој материјал, изразен или имплициран од Глобалниот Фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО